Скопје, 10.08.2016

## Хуманитарна помош за жителите на с. Стајковци од "Силк Роуд Банка АД Скопје"

На 10-ти август 2016 г. Силк Роуд Банка АД Скопје донираше хуманитарна помош за жителите на с. Стајковци, кои беа силно погодени од поплавите што пустошеа минатиот викенд. Со цел да им се помогне на нашите сограѓани во напорите за олеснување на последиците од поплавите и во реконструкцијата на домовите, Банката донираше заштитна и друга опрема откако претходно ги консултираше жителите на селото за нивните потреби. Пакетите беа доставени уште истиот ден со цел средствата да бидат дистрибуирани директно и во најкус можен рок до оние на кои им се најмногу потребни.







2




2
SILK ROAD

